Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 19 став 2 од Статутот на Општина Валандово и член 60 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Валандово, донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на четириесет и втората редовна седница**
**на Советот на Општина Валандово**

Ја свикувам четириесет и втората редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Седницата ќе се одржи на ден 30 декември 2020 година (среда) во 11,00 часот, во Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово.

За работа на четириесет и втората редовна седница го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2021 година;
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2021 година;
3. Предлог-Буџетски календар за 2021 година;
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година;
5. Предлог-Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Изградба на туристичка патека од манастирот Св.Ѓорги до Исар Кулата во Општина Валандово“ ;
6. Предлог-Одлука за одобрување средства за реализација на програмски активности на ФК „Победа“ Валандово;
7. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година;
8. Предлог-Програма за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2021 година;
9. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2021 година;
10. Предлог – Одлука за определување на широчината на заштитниот крајбрежен појас на водотеците „К 1“, „К2“, „К3“ и „К“ во опфатот на село Грчиште;
11. Предлог-Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2021 година;
12. Програма за работа и развој на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година;
13. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Комунален сервис“ Валандово;
14. Одлука за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година;

15. Одлука за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2021 година;

16. Финансов план на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2021 година;

17. Предлог-Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2021 година;

18. Предлог-Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2021 година;

19. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2021 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Претседател
Владимир Марков